# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 16.06.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 9 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за изменување на Статут на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Статутот на Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за изменување на Статутот на Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09-650/2
16.06.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.05/02), член 17 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за изменување на Статут на Општина Кривогаштани**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Кривогаштани бр.07-201/3 од 16.03.2011 год., Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Кривогаштани бр.07-1588/4 од 07.11.2014 год., бр. 08-1554/3 од 14.09.2016 год., бр. 08-1923/3 од 23.11.2016 год. и бр. 08-731/3 од 24.04.2019 год., се врши изменување и тоа:

Во Глава V.ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА, точката 3) “Совет на млади” и членовите 58-а; 58-б; 58-в; 58-г; 58-д; 58-ѓ; 58-е се менуваат и гласат:

3) Локален младински совет

**Формирање на локален младински совет**

Член 58-а

Во Општина Кривогаштани се формира локален младински совет кој има советодавна и застапувачка улога од делокругот на младински прашања и политики.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

-предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги загеаат младите,

-иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,

-иницираат, учествуваат и даваат повратни инфомрации за процесот на локалната младинска стратегија и други политики,

-доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите,

-вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Локалниот младински совет е составен од 5 членови

Членовите на локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

**Локално собрание на млади**

Член 58-б

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува инцијативен одбор, составен од претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за членови во конститутивното локално собрание за млади на општина Кривогаштани по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

Во локалното собранието за млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување од ставот еден и ставот четири на овој член не мора да бидат регистрирани во општина Кривогаштани, но мора да имаат активности на територијата на општина Кривогаштани.

Формите на организирање кои членуваат во локалното собрание за млади номинираат делегат и заменик-делегат, кои се жители на општина Кривогаштани на возраст од 15 до 29 години.

**Избор на членови на локален младински совет**

Член 58-в

Изборот на членови на локалниот младински совет се врши во постапка со јавен повик.

Јавниот повик за членови на локалниот младински совет го објавува локалното собрание на млади, кој се објавува на веб-страницата на општина Кривогаштани.

Членовите на локалното собрание на млади избираат членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалниот младински совет на општина Кривогаштани се верификуваат од страна на Советот на Општина Кривогаштани по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општина Кривогаштани.

Од избраните членови на локаниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател.

**Локална стратегија за млади**

Член 58-г

Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утрвдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финасиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на актвиности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спорведувањето на локалната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на општина Кривогаштани за период од пет години.

Локалната стратегија за млади ја изработува општина Кривогаштани во соработка со локалниот совет за млади.

Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на општина Кривогаштани во соработка со локалниот совет на млади, а ги донесува Советот на општина Кривогаштани во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација.

Локалната стартегија за млади се спроведува со буџетски средства од општина Кривогаштани.

**Канцелари за млади**

Член 58-д

Во општина Кривогаштани се формира канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во општина Кривогаштани и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

**Младински центар**

Член 58-ѓ

Младински центар е место каде се подготвуваат и спорведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, равојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

Младински центар се основа во соработка меѓу општина Кривогаштани и младински форми на организирање регулирани со закон.

**Службеник за млади**

Член 58-е

Општина Кривогаштани е должна да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.

Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на општина Кривогаштани во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенција за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на општина Кривогаштани.

Контакт информациите за службеникот за млади се јавно достапни преку гласилата на општина Кривогаштани.

Од буџетот на општина Кривогаштани, за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани”.

Бр.08-635/3
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/3 Градоначалник на
16.06.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе :

**О Д Л У К А**

**за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се става вон сила Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани бр. 08-461/3 од 18.04.2023 година донесена од Советот на Општина Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-635/4
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/4
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ''бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 16.06.2023 година донесе :

## ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.

Член 2

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на општина Кривогаштани''.

Бр.08-635/5
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

ПРИЛОГ:Измена и дополнување на Буџет на општина Кривогаштани за 2023 г.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/5
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 И Службен весник на Република Северна Македонија 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република СевернаМакедонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20, 172/21), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе :

**О д л у к а**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година бр. 08-1380/10 од 26.12.2022 г. и бр. 08-246/4 од 27.02.2023 г.тоа:

Во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи: „Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,7, а основицата на која се пресметува изнесува 47.637 денари".

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-635/6
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/6
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 95 од Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани ("Службен гласник на општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2023г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2023 година број 08-1380/4 од 26.12.2022 година.

2. Во Програма: Ф2: ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, после Проект 9 се додава:

**Проект 10:** Сообраќајно уредување на дел од улица „Македонски Просветители„ во Кривогаштани со поставување на успорувачи на сообраќај и соодветни сообраќајни знаци
**Вредност:** 400.000 денари
**Извор на финансирање:** ЕЛС Кривогаштани

Вкупната вредност на Програмата не се менува (изворот на финасирање од Министерство за животна средина во проект 6 се намалува за 400.000 денари)

Бр.08-635/7 Претседател на Совет
16.06.2023 година на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница на ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/7 Градоначалник на
16.06.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани бр.02-153/2 од 12.05.2023г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-635/8
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Јонче Смугрески„ Оршани за 2024 година бр. 04-87/1 од 09.05.2023 г.**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2024 година бр. 04-87/1 од 09.05.2023 г.што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2024 година бр. 04-87/1 од 09.05.2023 г. ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/8
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( "Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Јонче Смугрески,, Обршани за 2024 година бр. 04-87/1 од 09.05.2023 г.**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Јонче Смугрески,, Обршани за 2024 година бр. 04-87/1 од 09.05.2023 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-635/9
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „ Манчу Матак„ Кривогаштани за 2024 година бр. 03-139/2 од 29.05.2023 г**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2024 година бр. 03-139/2 од 29.05.2023 г. што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2024 година бр.03-139/2 од 29.05.2023г. ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/9
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( "Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Манчу Матак„ Кривогаштани за 2024 година бр. 03-139/2 од 29.05.2023 г.**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „ Манчу Матак„ Кривогаштани за 2024 година бр. 03-139/2 од 29.05.2023 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-635/10 Претседател на Совет
16.06.2023 година на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/10 Градоначалник на
16.06.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 19 став 4, 5 и 6 од Законот за јавните претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 16.06.2023г. донесе:

## Одлука
**за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на Управен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува месечен намомест за присуство на седници на членовите на Управниот одбор на ЈП ''Пелагонија,, Кривогаштани.

Член 2

Висината на месечниот надомест за присуство на седници на членовите на Управниот одбор на ЈП ''Пелагонија,, Кривогаштани ќе изнесува 500 денари, врз основа на присуство на седница, доколку во месецот се одржале седници.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-635/11
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/11
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија ("Службен веник на РМ" бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ' бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани''бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 16.06.2023г. донесе:

## Одлука
### за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија,, Кривогаштани.

Член 2

Висината на надоместокот за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор на ЈП ''Пелагонија,, Кривогаштани ќе изнесува 500 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-635/12
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско пелагониска епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани - Прилеп**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско пелагониска епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани - Прилеп што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско пелагониска епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани - Прилеп ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-650/12
16.06.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.06.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско - Пелагониска Епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани - Прилеп**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на МПЦ Преспанско - Пелагониска Епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани – Прилеп.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 50.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на МПЦ Преспанско - Пелагониска Епархија Обршанска парохија Храм ,,Св. Никола,, Обршани – Прилеп.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’.

Бр.08-635/13
16.06.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 29-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 16.06.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за изменување на Статут на Општина Кривогаштани……………………………………………………………………………………………………………1

- Одлука за изменување на Статут на Општина Кривогаштани……………………………..1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани бр. 08-461/3 од 18.04.2023 г……………………………………………………………………………………………………….5

-Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани бр. 08-461/3 од 18.04.2023 г………………………………….5

3. Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година,………………………………………………………………….6

-Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година,…………………………………………………………………………………………………………….6

4. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година,……………………………….7

-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година,……………………………………………………………………………..8

5. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година,........................................................................................9

-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година,.......................................................................................................................9

6. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, Кривогаштани,...10

-Одлука за давање на согласност на Одлуката за промена на овластено лице на подружница во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, Кривогаштани,......................................................11

7. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2024 г.во ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани,.............................................11

- Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2024 г.во ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани,...........................................................................................11

8. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2024 г.во ООУ,,Манчу Матак,, Кривогаштани,........................................12

-Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2024 г.во ООУ,,Манчу Матак,, Кривогаштани,..........................................................................13

9. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на УО на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани,...................14

-Одлука за утврдување на месечен надомест за присуство на седници на членовите на УО на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани,..................................................................14

10. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани,.............15

- Одлука за утврдување на надомест за присуство на седници на членовите на Надзорен одбор на ЈП ''Пелагонија" Кривогаштани,..........................................................16

11. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско-пелагониска епархија обршанска парохија Храм ,,Св.Никола,,Обршани17

- Одлука за одобрување на финансиски средства на МПЦ Преспанско-пелагониска епархија обршанска парохија Храм ,,Св.Никола,,Обршани...............................................17

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**